Линк : www.precious-trial.eu

# PRECIOUS

Многу пациенти со мозочен удар ќе имаат проблеми со голтање, инфекција или покачена телесна температура во првите денови после приемот во болница. Пациентите кои ги развиваат овие компликации се со поголема веројатност за полош исход. Вообичаено, овие состојби би се третирале само ако симптомите станат очигледни. PRECIOUS ќе тестира дали е подобро за опоравувањето да се искористи третманот за да се **превенираат** овие компликации од случување, отколку да се чека да се случат.

**Цел**

Ризикот од развивање на овие компликации може да се редуцира со добро познати, едноставни и безбедни лекови: лекот против гадење metoclopramide, антибиотикот ceftriaxone и антипиретикот (за треска) paracetamol. Меѓутоа, не е сигурно дали овие лекови истотака може да го подобрат долготрајниот функционален исход после мозочен удар.

**Третман**

Пациентите ќе бидат рандомизирани да земат еден, два или три од студиските лекови или воопшто да не земаат лекови. Сите пациенти без оглед на која група припаѓаат ќе добијат најдобар стандарден третман за мозочен удар.

**Исход**

Студијата ќе одреди дали функционалниот исход на пациентите кои земаат лекови е подобрен 3 месеци после мозочиот удар, во споредба со оние кои не добиваат дополнителен третман.